АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ **МАКЕДОНИЈА**
Скопје - Виена Иншуренс Груп

# ОПШТИ УСЛОВИ
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПРОФЕСИОНАЛНА ОДГОВОРНОСТ
(пречистен текст)

Овие Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на Друштвото на 212-тата редовна седница одржана на 8.8.2018 година со одлука број 02 - 6086/3, со примена од денот на донесувањето.

Лектор Кристина Велевска

### ЗНАЧЕЊЕ НА ОДДЕЛНИ ИЗРАЗИ

**Член 1**

Одделните изрази во овие Услови ги имаат следните значења:

**1. „Осигурувач“** - Акционерско друштво за осигурување и реосигурување Македонија, Скопје - Виена Иншуренс Груп.

**2. „Договарач на осигурување“** - лице што со осигурувачот го склучува договорот за осигурување.

**3. „Осигуреник** - лице чија одговорност е покриена со осигурувањето.

**4. „Полиса** - исправа на договорот за осигурување.

**5. „Премија** - износ што се плаќа за осигурување врз основа на договорот за осигурување.

**6. „Штета** - износ што осигурувачот го исплаќа во согласност со договорот за осигурување.

**7. „Стручна грешка** - кршење и/или отстапување од постојните правила на струката, утвредените стандарди или правила за внимание, важечки за одредена професија за која осигуреникот одговара во согласност со позитивните прописи.

### ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 1**

Со осигурувањето според овие Услови на осигуреникот му се обезбедува осигурителна заштита за отштетни побарувања на третото лице - нарачателот на услугата, кои се последица на стручна грешка на осигуреникот при вршењето на регистрираната дејност и за кои осигуреникот одговара врз основа на законот.

### ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 2**

Осигурувачот не е обврзан да ги исплати следните отштетни побарувања:

(1) оние што во согласност со договорот ги надминуваат сумите на осигурување определени со закон или договорената сума на осигурување со полиса;

(2) за штета што како последица има повреда на лица или оштетување на предмети и за чисто финансиска штета;

(3) оние што настанале врз основа на некомерцијално советување од страна на осигуреникот или лице вработено кај него;

(4) оние што настанале поради кршење на договорени рокови;

(5) ако осигуреникот или лице вработено кај него предизвикаат стручна грешка намерно или поради грубо невнимание;

(6) ако стручната грешка настанала во време кога осигуреникот или лице вработено кај него немале соодветна регистрација, односно дозвола за вршење на дејноста;

(7) оние што настанале поради измама, други кривични дела, присила или закана;

(8) оние што настанале поради оштетување, уништување или исчезнување на пари, чекови или хартии од вредност или поради благајнички кусок;

(9) оние што настанале поради казна, која е должен да ја плати нарачателот или осигуреникот;

(10) оние што настанале поради губење на податоци или документи (напишани, испечатени или сочувани електронски), а кои се доверени на чување на осигуреникот;

(11) за штета што настанала на осигуреникот или на сосопствениците чија професионална одговорност е осигурена (како и на нивните роднини ако се вработени кај нив) ако во компанијата имаат деловна сопственост поголема од 25 % и/или имаат врз основа на законот или правилникот на компанијата право, односно можност за раководење со компанијата (мнозински сопственици);

(12) оние што настанале поради неисполнување на обврските на нарачателот на услугата, кои се одредени во договорот;

(13) оние што се предизвикани од пречекорување при про-

цена на висината на трошоците од каматни стапки;

(14) оние што настанале во врска со плаќање на услугата;

(15) за штета настаната поради изгубена добивка, застој во работењето, побарување од здравствени и пензиски осигурувања и слични побарувања за (друга) посредна штета што настанала покрај разумно предвидлива штета во склоп на извршената услуга;

(16) оние што настанале поради нарушување на угледот или добрата репутација;

(17) оние што настанале како последица на неликвидност или несолвентност на осигуреникот;

(18) директна или индиректна штета што е предизвикана од производ со недостаток;

(19) оние што се однесуваат, произлегуваат, се темелат или се припишуваат на каква било програмска или машинска опрема, микропроцесори или друга опрема, која делумно или во потполност откажува, се оштетува или предизвикуваа штета (вклучително и "инфицирање" на програмската опрема или на податоците). Тоа се однесува и на производи, програмска или машинска опрема, обликување на системи, нивна продажба, измени, сервисирање, одржување или советување од страна на осигуреникот или во негово име;

(20) оние што настанале поради загадување на околината;

(21) оние што настанале како последица на војна, случувања слични на војна и непријателства, терористички акти, граѓанска војна и слични немири, со дејствување или постоење на природни и елементарни непогоди, нуклеарна радијација или нуклеарна контаминација.

## ТЕРИТОРИЈАЛНО ВАЖЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 3

Осигурувачот има обврска само за оние осигурени случаи што настанале при вршење на регистрираната дејност на осигуреникот на територијата на Република Македонија, а на територијата на други земји само ако тоа посебно се договори или ако е предвидено со посебни одредби.

## СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 4

Сума на осигурување е горната граница на обврските на осигурувачот по еден осигурен случај.

## ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

### Член 5

(1) За осигурен случај се смета отштетно побарување што третото лице - нарачателот на услугата писмено го бара од осигуреникот и од осигурувачот, за време на траењето на осигурувањето, односно најдоцна во рок од 3 години по престанување на осигурувањето, за стручна грешка настаната за време на траењето на осигурувањето.

(2) За време на траење на осигурувањето во согласност со овие Услови се смета и времето на предметното непрекинато осигурување за иста опасност кај осигурувачот со исти или различни сукцесивни договори.

(3) Ако стручната грешка настанала од недејствување, се смета дека е направена последниот ден кога дејството морало да биде направено за да не се случи штетата.

(4) Доколку истата стручна грешка на осигуреникот предизвика повеќе отштетни побарувања, се смета дека настанал еден осигурен случај, без оглед на бројот на отштетни побарувања. За време на настанување на осигурениот случај се смета поднесувањето на првото отштетно побарување. Се смета дека настанал еден осигурен случај и ако има повеќе отштетни побарувања како последица на повеќе стручни грешки, кои пак може да се припишат на исти околности и може да се поврзат од правен, стопанствен или временски аспект. Во тие случаи како време на настанување на стручната грешка се смета времето на настанување на првата стручна грешка.

(5) За остварување на писмено отштетно побарување доволно е и писмено известување на нарачателот на услугата за тоа дека поради стручна грешка на осигуреникот му настанала штета.

## ОБВРСКА НА ОСИГУРЕНИКОТ ПО НАСТАНУВАЊЕТО НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

### Член 6

(1) Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот за настанувањето на осигурениот случај најдоцна во рок од 3 дена по сознавањето, а ако оваа своја обврска не ја изврши во одреденото време, должен е на осигурувачот да му ја надомести штетата што тој би ја имал поради тоа.

(2) Осигуреникот е должен заедно со пријавата на осигурениот случај на осигурувачот да му ги достави сите податоци и документи што се потребни за решавање на штетниот настан.

(3) Осигуреникот е должен да ги преземе пропишаните, договорените и сите други потребни мерки за спречување на настанувањето на осигурениот случај, а доколку осигурениот случај настане, должен е да преземе сè што е во негова моќ за ограничување на штетните последици.

(4) Осигуреникот е должен без одложување да го извести осигурувачот ако против него или лицата за кои е одговорен е поведена постапка поради сомнение за направено кривично дело или е подигнато обвинение, без разлика дали предходно веќе го пријавил настанувањето на штетата во согласност со претходните одредби од овој член.

(5) Ако оштетениот поднесе тужба за надомест на штета против осигуреникот, осигуреникот е должен да ги достави до осигурувачот судската покана, односно тужба, сите документи во врска со штетниот настан и барањето за надомест на штета.

(6) Осигуреникот е обврзан водењето на постапката да го довери на осигурувачот и да даде овластување за застапување на она лице што ќе биде одредено од страна на осигурувачот, односно она лице што е одредено спогодбено.

(7) Осигуреникот мора водењето на отштетните побарувања да го препушти на осигурувачот, поради што нема право да ги одбие отштетните побарувања, а особено не смее да ги прифати.

(8) Доколку осигуреникот го оневозможи осигурувачот да ги реши отштетните барања со порамнување, осигурувачот не е должен да ги плати вишокот отштета, каматата и трошоците што настанале како резултат на тоа.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ ПО НАСТАНУВАЊЕТО НА ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ

### Член 7

(1) Осигурувачот има обврска да плати штета заедно со трошоците за судска постапка настанати во согласност со одредбите на овие Услови за осигурување, но до висината на сумите на осигурување.

(2) Ако се утврди дека осигуреникот при настанувањето на осигурениот случај имал повеќе деловни приходи и повеќе вработени лица отколку за време на склучувањето на осигурувањето или биле различни околностите што влијаат врз пресметката на премијата, а поради тоа е платена недоволна премија, штетата се исплаќа пропорционално со платената премија и премијата што морало да биде платена.

(3) Учеството на осигуреникот во секоја штета изнесува 10 % од пресметаниот износ за надомест на штета на осигурувачот, а најмалку 200 евра (во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РМ на денот на настанување на осигурениот случај), доколку не е поинаку договорено.

(4) Доколку не е поинаку договорено, обврската на осигурувачот за сите осигурени случаи во една година е најмногу до висината на две договорени суми на осигурување (годишен агрегат).

(5) На договорот за осигурување му престанува важноста во случај кога осигурувачот ќе го исплати износот на договорениот годишен агрегат пред истек на договорениот рок.

(6) Ако осигуреникот има склучено колективно осигурување од професионална одговорност преку комората, односно друго интересно здружение, и дополнително индивидуално осигурување од професионална одговорност, ако настане осигурен случај, штетата се исплаќа по основа на колективното осигурување од професионална одговорност. По основа на индивидуалното осигурување од професионална одговорност штетата се исплаќа тогаш кога покритието по првото осигурување не било доволно, и тоа во висина на износ на непокриениот дел од штетата, но најмногу до висината на сумата на осигурување за индивидуалното осигурување.

(7) Ако осигуреникот извршува професионална услуга заедно со други изведувачи (соизведувачки услуги), штетата се намалува пропорционално помеѓу сумата на осигурување за осигуреникот што е договорена на полисата и вкупната вредност што за иста опасност произлегува од договорот меѓу осигуреникот и другите соизведувачи.

### ДРУГИ ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

**Член 8**

(1) Осигурувачот е должен при склучувањето на осигурувањето на осигуреникот да му ги предаде важечките услови за осигурување, кои се составен дел на договорот за осигурување.

(2) Осигурувачот има обврска да ги надомести трошоците за судската постапка заедно со отштетниот надомест до висината на осигурената сума, но само кога осигуреникот му го доверил водењето на постапката на осигурувачот или на лице одредено од него.

(3) За трошоците за одбрана на осигуреникот во кривична постапка осигурувачот е обврзан само во случај ако изрично се согласи на бранител и се обврзе дека ќе ги плати тие трошоци, но заедно со штетата до висината на договорената сума на осигурување.

### ПОВЕЌЕКРАТНО ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 9**

(1) Договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот мора при склучувањето на осигурувањето, како и при пријавувањето на осигурен случај, да го извести осигурувачот дали истиот ризик е осигурен и кај некој друг осигурувач.

### ПРИЈАВА НА ОКОЛНОСТИ ВАЖНИ ЗА ОЦЕНА НА РИЗИКОТ

**Член 10**

(1) Договарачот на осигурувањето е должен да му ги пријави на осигурувачот при случување на договорот за осигурување сите околности што се важни за оцена на ризикот, кои му се познати или не можеле да останат непознати за него.

(2) Договарачот на осигурувањето е должен без одложување да го извести осигурувачот за зголемување на ризикот за време на траењето на осигурувањето, ако ризикот се зголемил поради некоја негова постапка, а доколку зголемувањето на ризикот се случило без негово учество, договарачот на осигурувањето е должен да го извести осигурувачот во рок од 14 дена од денот кога дознал за тоа.

(3) Осигуреникот е должен да му овозможи на осигурувачот преглед и ревизија на ризикот.

### СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 11**

(1) Договорот за осигурување се склучува врз основа на понуда на договарачот на осигурувањето.

(2) Осигурувачот може по приемот на понудата да побара одредени објаснувања или нови податоци. За ден на примање на понудата од страна на осигурувачот се смета, во тој случај, денот кога осигурувачот ги добил бараните дополнителни податоци или објаснувања.

### ПОЧЕТОК И КРАЈ НА ОСИГУРИТЕЛНОТО ПОКРИТИЕ

**Член 12**

(1) Осигурителното покритие во согласност со договорот за осигурување започнува, ако поинаку не е договорено, на 24-тиот час на денот што во полисата е определен како ден на почеток на траењето на осигурувањето.

(2) Осигурителното покритие престанува по истек на 24-тиот час на денот што во полисата е одреден како ден на истек на осигурувањето. Ако во полисата е наведен само почетокот на осигурувањето, осигурувањето се продолжува од година во година (перманентно), додека една од договорните страни не го откаже договорот за осигурување.

(3) Ако рокот на траење на осигурувањето не е одреден во договорот, секоја страна може да го раскине договорот на денот на доспевањето на премијата, известувајќи ја по писмен пат другата страна најдоцна 3 месеци пред доспеаноста на премијата.

(4) Ако осигурувањето е склучено на рок подолг од 5 години, секоја страна може по истек на овој рок, со отказен рок од 6 месеци, писмено да ја извести другата страна дека го раскинува договорот.

### ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА

**Член 13**

(1) Договарачот на осигурувањето е должен да ја плати премијата за осигурувањето при склучувањето на осигурувањето, по правило одеднаш, но може да се договори и плаќање на рати.

(2) На износот на премија што се плаќа на рати може да се пресмета редовна камата.

(3) Во случај премијата да се плаќа преку пошта или банка, како време на плаќање се смета денот кога средствата пристигнале на сметката на осигурувачот.

(4) Во случај кога со договорот за осигурување е одобрен попуст поради траењето на осигурувањето, а осигурувањето од која било причина престанало пред истек на тоа време, осигурувачот има право на повраток на пропорционалениот дел на одобрениот попуст.

(5) Во случај на престанување на важењето на договорот за осигурување поради неплатена доспеана премија, договарачот на осигурувањето мора да плати премија за време до денот на престанување на важењето на осигурувањето. Доколку до денот на престанување на важењето на договорот настанал осигурен случај за кој осигурувачот мора да исплати штета, договарачот е обврзан да ја плати целата премија за тековната година на осигурување.

### ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕПЛАЌАЊЕ ПРЕМИЈА

**Член 14**

(1) Ако е договорено премијата за осигурување да се плати при склучувањето на осигурувањето, обврската на осигурувачот да исплати надомест за штета или сума на осигурување одредена со договорот за осигурување почнува наредниот ден од денот на уплатата на премија.

(2) Ако е договорено премијата за осигурување да се плати по склучувањето на осигурувањето, обврската на осигурувачот да исплати надомест за штета или сума на осигурување одредена со договорот за осигурување почнува од денот наведен во договорот како ден на почеток на осигурувањето.

(3) Ако договарачот на осигурувањето премијата што доспеала по склучувањето на договорот не ја плати до доспевањето, ниту тоа го направи кое било друго заинтересирано лице, договорот за осигурување престанува во согласност со законот, по истек на рокот од 30 дена од денот кога на договарачот на осигурувањето му е врачено препорачано писмо од осигурувачот со известување за доспеаноста на премијата.

## ПОВРАТОК НА ПРЕМИЈА

**Член 15**

(1) Осигурувачот враќа дел од премијата за неискористениот дел на осигурувањето ако изворот на опасност наведен во полисата престане да постои по склучувањето на договорот за осигурување.

(2) Доколку изворот на опасност наведен во полисата престанал да постои пред склучувањето на договорот за осигурување, на договарачот на осигурувањето му се враќа целиот износ на наплатена премија.

(3) При престанување на договорот за осигурување во сите други случаи пред истек на времето за кое е платена премија, премијата му припаѓа на осигурувачот само до крајот на денот до кога тој давал осигурително покритие, ако не е поинаку договорено.

(4) Враќањето на премија на барање на договарачот на осигурувањето може да се изврши врз база на докази за исполнување на условите за враќање на премијата.

(5) Во случај на прекинување на осигурителното покритие во согласност со одредбите во став 1 и 3 од овој член, а доколку за време на траењето на осигурувањето настанал осигурен случај, на осигурувачот му припаѓа целата премија за осигурување за тековната година на осигурување.

## ПОСТАПКА ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ, ПРИГОВОР И ЖАЛБА

**Член 16**

(1) Секоја договорна страна може да бара одредени спорни факти да бидат утврдени од вешто лице.

(2) Секоја страна писмено ги именува вештите лица, кои не се во работен однос со договорните страни. Именуваните вешти лица пред почетокот на работата именуваат трето вешто лице, кое го дава своето мислење само кога заклучоците на првите две вешти лица се разликуваат и само во границите на она што тие го заклучиле.

(3) Секоја договорна страна ги плаќа трошоците за своето вешто лице. Трошоците за третото вешто лице ги плаќаат двете страни по половина.

(4) Заклучоците на вештите лица се обврзувачки за двете страни.

(5) Против понудата на осигурувачот за порамнување или одбивање на отштетното барање третото лице има право на приговор до комисијата за приговори на осигурувачот.

(6) Договарачот, осигуреникот, оштетеното - третото лице може да достават жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето на Република Македонија, како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

## ИЗМЕНИ ВО УСЛОВИТЕ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ИЛИ ТАРИФАТА НА ПРЕМИИ

**Член 17**

(1) Ако осигурувачот ги измени условите за осигурување или тарифите на премии, должен е за тоа да го извести договарачот на осигурувањето по писмен пат или на друг соодветен начин.

(2) Договарачот на осигурувањето има право да го откаже договорот за осигурување по приемот на ова известување. Во тој случај, договорот за осигурување престанува да важи со истек на тековната година на осигурување.

(3) Ако договарачот на осигурувањето не го откаже договорот за осигурување, договорот се менува со почетокот на наредниот период на осигурување во согласност со извршените измени во условите за осигурување, односно премискиот систем.

## ПРОМЕНА НА АДРЕСА

**Член 18**

(1) Договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот, е должен да го извести осигурувачот на некој од вообичаените начини, за промена на името или седиштето, и тоа најдоцна во рок од 15 дена од денот на настанувањето на промената.

(2) Ако договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот, не постапи по обврската од горниот став, ќе се смета дека уредно е известен ако осигурувачот му прати препорачано писмо на име и адреса наведени во склучениот договор за осигурување.

## НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Член 19**

(1) Сите договори помеѓу договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот за содржината на договорот за осигурување се важечки ако се склучени во писмен облик.

(2) Сите известувања и изјави, кои мора да се издадат во согласност со одредбите во договорот за осигурување, мора да бидат во писмен облик.

(3) Известувањата или изјавите се сметаат за навремено издадени ако се испратат со препорачана пошта пред крајниот рок.

(4) Изјавата што мора да се предаде на другата страна важи само кога таа страна ќе ја прими.

## ПРИМЕНА НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ

**Член 20**

(1) За прашањата што не се регулирани со овие Услови ќе се применуваат соодветни одредби од Законот за облигациони односи и од други позитивни правни прописи што ја регулираат оваа материја.

## НАДЛЕЖНОСТ ВО СЛУЧАЈ НА СПОР

**Член 21**

Во случај на спор меѓу договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот, месно е надлежен Основниот суд Скопје 2, Скопје.

Претседател на Управен одбор

Бошко Андов